# Macedonian A: literature – Higher level – Paper 1
# Macédonien A : littérature – Niveau supérieur – Épreuve 1
# Macedonio A: literatura – Nivel superior – Prueba 1

Wednesday 4 May 2016 (afternoon)
Mercredi 4 mai 2016 (après-midi)
Miércoles 4 de mayo de 2016 (tarde)

2 hours / 2 heures / 2 horas

## Instructions to candidates

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a literary commentary on one passage only.
- The maximum mark for this examination paper is **[20 marks]**.

## Instructions destinées aux candidats

- N’ouvrez pas cette épreuve avant d’y être autorisé(e).
- Rédigez un commentaire littéraire sur un seul des passages.
- Le nombre maximum de points pour cette épreuve d’examen est de **[20 points]**.

## Instrucciones para los alumnos

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario literario sobre un solo pasaje.
- La puntuación máxima para esta prueba de examen es **[20 puntos]**.



2216 – 0129
© International Baccalaureate Organization 2016

https://xtremepape.rs/

Направете литературна анализа на само **еден** од извадоците:

**1.**

**Три Тетки**

Така ги знаев: тета Наца, тета Менка, тета Дитка.

Сите три – благословени вдовици. Слаби како виљушки, бели како брашно: нивните ретуширани грчки профили од врамените фотографии се вратија во негативот.

Најстарата, тета Наца, во својата деведесетта, од прстите глисти ги изникнуваше Шопеновите полонези на раштиманото метално пијано. Средната, тета Менка, ми нудеше, на излупен послужавник, свеж вишнов сок и топли ванилички, посеани со цимет: „Не бој се, синко“, и по секој залак, заплашено потсетуваше: „Добро ли е?“… Кога ќе затоплеше, најмладата, тета Дитка, го изнесуваше телевизорот на западниот балкон, ќе го наместеше во насока на зајдисонцето и наметнувајќи се со ќебе, се впиваше во волшебниот екран. Велеше: „Телевизијата е уште едно мајсторство на итриот собирач Запад. На Исток почнува си – Сонцето, Господ, Писмото, Градот. Но, жештината е пресилна. Се изразува во пожар, во колеж, во гниеж. На Запад, работите се прифаќаат откако ќе го истрошат беснилакот. Потоа се прецизираат и употребуваат“. Пред телевизорот на тета Дитка бев сведок како Југославија станува полуфиналист во Чиле, како го убиваат Џон Фицџералд Кенеди, како Иво Андриќ добива Нобелова награда. Сезнајната ТВ имаше во тета Дитка најубедлив проповедник. „Постои и радио, синко, и весник“ – ќе пропелтечеше тета Менка и веднаш ќе се свиеше пред мојот зачуден поглед: „Сакаш ли, злато мое, слатко од лубеници?“.

Си играв со дрвени, шарени коцки по мекиот, персиски тепих во големата дневна соба. Врз издолжените прозорци – залепена млечна Месечина. Трите тетки на три бидермаер фотељи – пијат чај. Колку и да се разликуваа физички, тие беа варијанти од едно исто тело.

Тој дрзок дарител си ги распоредил органите и особините, втиснувајќи се надмоќно во секоја од нив: на тета Наца срцето и подвижноста, на тета Менка цревата и помирливоста, на тета Дитка нервите и досетливоста.

Александар Прокопиев, *Блесок* “Број 1” (1998)

https://xtremepape.rs/

**2.**

**СЛОБОДА**

1.

дедо ми со тараби си го омеѓи дворот
и така доби парче земја,
ама го загуби светот.
а потоа почна и тоа свое парче земја
да го преградува и
да им дава имиња на бавчите.
а јас бев дете и најмногу ги сакав
вратничките што ги спојуваа.

2.

забодуваме колци-меѓници,
цртаме карти со некакви граници
и ставаме таму луѓе
што ни бурничкаат по торбите
и нè прашуваат каде патуваме
како да им е тоа стварно важно.

gdje se putuje, gojko?
ме прашува меѓничарот во пет часот
наутро, а јас, уште неразбуден, му велам: дома.
а си мислам:
по земјава
или угоре-удолу? во просторот
или во времето? сега
или секогаш и во вјеки вјеков?

3.

векови сме далеку од слободата.
затоа што сè уште од туѓите синџири
се ослободуваме. и не го чувствуваме
во утробата клучот од ќелијата
во која сме заробени.

забораваме дека кафето што го пиеме
за да се разбудиме е содржано во
талогот на дното од шолјата.

секој ден за неа зборуваме. дури и
да запееме се дрзнуваме. само,
тоа го правиме болни. со страв
полни, наместо со љубов.

Ѓоко Здравески, *Блесок* "Број 98" (2014)

https://xtremepape.rs/